Република Северна Македонија — Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за образование и наука — Ministria e Arsimit dhe Shkencës

Технолошко-технички факултет-Велес
Примено: 02.09.2019
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 08 | 440/2 | | |

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" БИТОЛА
Примено: 30.08.2019
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 08 — | 1078/10 | | |

УП1 бр. 14-1528
______ 2019 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врз основа на член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 , 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Управување со квалитет и безбедност на храна на Технолошко-технички факултет во Велес при Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Управување со квалитет и безбедност на храна на Технолошко-технички факултет во Велес при Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола, се обрати со барање бр. 08-937/2 од 01.07.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 бр. 14-1528 од 03.07.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Управување со квалитет и безбедност на храна на Технолошко-технички факултет во Велес при Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола, акредитирана со Решение за акредитација бр. 1409-55/3 од 11.06.2019 година, издадено од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1528 од 10.07.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 11.07.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1528 од 12.07.2019 година, каде е наведено дека студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Управување со квалитет и безбедност на храна на Технолошко-технички факултет во Велес при Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР / MINISTËR
Dr. Arbër Ademi

Доставено и до
- Архива

Подготвил: Билјана Зафировска
Контролирал: Снежана Лузевска
Одобрил: d-r Agim Rushiti